**UDK 327:911.3]:628(100)**

**ПАНОВСКА, Виолета**[1]

# ГЕОПОЛИТИЧКО ЗНАЧЕЊЕ НА ВОДАТА

**Апстракт**

Предмет на оваа истражување е геополитичкото значење на ресурсите, и нивното влијание во меѓународните односи, со посебен акцент на геополитичкиот аспект на водата.

Општопознато е дека водата е значаен ресурс и предуслов за живот, технолошки и општествен развој. Недостатокот на водните ресурси е прашање на безбедност за животната средина, кое во моментот има значително влијание врз регионалната стабилност, особено во сувите региони. Со оглед на претпоставениот пораст на населението, климатските промени и нерамнотежата на понудата и побарувачката на водните ресурси, водата ќе продолжи да преставува извор на тензии, што би можело да стане одредувачки фактор во идните меѓународни конфликти. Оваа истражување дава преглед на неколку конфликти за вода и начините на кои тие се решаваат.

***Клучни зборови:*** *меѓународни односи, геополитика, ресурс, вода, конфликти.*

**PANOVSKA Violeta**[2]

# GEOPOLITICAL SIGNIFICANCE OF WATER

**Abstract**

The subject of this research is the geopolitical significance of resources, and their impact in international relations, with the special emphasis on the geopolitical aspect of water.

It is common knowledge that water is an important resource and supposition of life, technological and social advancement. Water resource scarcity is an environmental security issue that currently exercises considerable influence on regional stability, particularly in arid regions. Given assumed population growth, changes in climatic conditions and the imbalance of water resource supply and demand, the water will continue to be a source of tensions, it could become the determinant variable in future international conflict. This research provides an overview of several water conflicts and the ways in which they are resolved.

***Keywords:*** *international relations, geopolitics, resource, water, conflicts*

## Вовед

Односот помеѓу меѓународните односи и геополитиката е комплексен и тесно поврзан, бидејќи и двете дисциплини обработуваат исти теми, но со различни фокуси и перспективи. Додека меѓународните односи ни даваат објаснување за начините на кои државите се однесуваат меѓу себе, геополитиката од друга страна расправа за прашањето дали меѓународните односи се базирани на интеракција помеѓу географијата и моќта (Idrizi, 2018). За важноста на геополитиката во меѓународните односи зборува и Роберт Д. Каплан, американски автор, кој во својата книга вели: „Само

[1] *Студент на втор циклус на студии, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, e-mail: violeta.207694@student.ugd.edu.mk*

[2] *Student at the second cycle, Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip, e-mail: violeta.207694@student.ugd.edu.mk*

треба да ја знаеш географската мапа, и базирајќи се на географската мапа може да ги предвидиш настаните во меѓународните односи“ (Kaplan, 2009).

Геополитиката и меѓународните односи отсекогаш биле составен дел од стремежот да се обезбеди пристап до виталните глобални ресурси. Природните ресурси се од важно значење за развојот на државите кои располагаат со изобилство од нив, особено за земјите во развој. Човековата историја е историја на конфликти и војување, а една од причините за тоа се и природните ресурси. Дефицитот на природни ресурси, од кои зависи задоволувањето на основните човекови потреби се третира како прашање од национална безбедност и затоа може да доведе до конфликт помеѓу страни кои полагаат право врз исти извори. Споровите околу ресурси и војните поради ресурси најчесто со себе носат одредена економска, територијална, културолошка, па и геополитичка димензија (Kovačević B. , 2022).

Едно од прашањата од кои сме засегнати денес и во однос на идните генерации е недостатокот на вода, кое би имало негативни ефекти на самиот начин на живот, благосостојбата и здравјето на луѓето, како и на општата, државната и националната безбедност. Недостатокот на водата, која е витално добро, полека се јавува како една од причините, кои значително би придонеле за појава и развој на нови конфликти. Поради тоа, се очекува споровите околу водата да станат се почести и поостри, посебно во сувите делови и кај големите меѓународни речни басени, кои ќе станат жаришта за конфликти во XXI век.

Додека водата може да биде извор на тензии и конфликти, таа исто така претставува и можност за соработка, дипломатија и одржлив развој. Начинот на кој државите ги управуваат своите водни ресурси во наредните неколку децении би имало значајни импликации врз глобалниот мир, безбедност и економска стабилност.

Предмет на овој труд е водата и нејзиното геополитичко значење. За целите на анализата се користи теоретски пристап и елаборирани се неколку конфликти поврзани со водите на реки од региони во Блискиот Исток и региони од Јужна и Југоисточна Азија. Целта на трудот е да се истакне важноста на водата, не само како геополитички ресурс во регионите во кои недостасува, туку и општо како ресурс од кои зависи опстанокот на животот на земјата.

## 1. Теоретска рамка

Современите меѓународни односи се академска дисциплина која се занимава со изучување на политичките, економските, правните и социјалните односи помеѓу субјектите на меѓународното право. Во своето најстаро класично сфаќање, меѓународните односи биле дефинирани како дипломатско-стратегиски однос помеѓу суверените држави. Постепено, областа на меѓународните односи се проширува и на односите помеѓу меѓународните организации, невладините организации, мултинационалните корпорации, а во некои случаи и индивидуите како посебни субјекти на меѓународното право.

Теоретската мисла на меѓународните односи е поделена врз основа на неколку парадигматиски линии: реализам, либерализам и конструктивизам (Никодиновска Крстевска, 2012). Во продолжение е даден краток осврт на реалистичките и либерални гледишта.

Според реализмот, државите се централни и фундаментални актери во меѓународните односи, а надвор од државните граници владее анархија. Реалистичкиот пристап поаѓа од ставот дека светот не е совршен, човековата природа е проблематична, и дека во тој свет доминира силата и насилството. Лозата на класичните реалисти започнува со претставувањето на Тукидид на политиката на сила како закон за однесување на луѓето. (Виотти & Кауппи, 2009). Друг познат реалистички мислител е Николо Макијавели, кој во својата книга Владетелот (1513) ги советува владетелите да користат измама и насилство како алатки против другите држави. Реалистите сметаат дека политиката на државите се заснова на воени преокупации и според тоа меѓународната соработка тешко се воспоставува и реализира, односно

стремежот за моќ претставува основна карактеристика на меѓународната политика. Имено, вооружените конфликти се производ на меѓународното милје во кое се наоѓа државата, а кое го карактеризира отсуство на власт која би била повисока од нејзината (Малески, 2000). Помеѓу националните држави кои настојуваат да ја зголемат својата моќ се воспоставува рамнотежа на сили која е единствен реалистичен начин за одржување на мирот. Во рамките на овој теориски пристап, меѓународните институции немаат или се со ограничено влијание врз однесувањето на државите во меѓународните односи.

Либерализмот, пак има пофлексибилен и пооптимистички поглед на светот, и од таму се вели дека меѓународната политика не е целосно условена од дистрибуцијата на воената моќ и дека постои простор за соработка и развој на меѓународни институции. Основната суштина на либералните вредности е кодифицирана уште од Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот од Француската буржоаска револуција од 1789. Еден од најважните претставници на либералната мисла е Имануел Кант, кој се залагал за идејата на вечен мир преку создавање меѓународни институции и правила, кои ќе овозможат мирно решавање на конфликтите. Други познати мислители се: Дејвид Хју, Адам Смит, Жан Жак Русо, Џон Лок. За либералистите, слободата на државата е дел од проблемот на меѓународните односи. Според нив  само преку интернационална соработка, со унапредување на динамиката на транснационалните економски интеграции и со ширење на либералната демократија  може да се надмине војната како инструмент на меѓународната политика. Преку формирање меѓународни форуми, воспоставување на правила и следење на акциите на државите, како и постоење на систем за казнување на прекршоците, ќе се надминат проблемите произлезени од анархијата.

За да подобро се разбере зошто одредени земји формираат сојузи а други се впуштаат во конфликти, геополитиката како дисциплина ги надополнува меѓународните односи ставајќи акцент на географската реалност и стратешки интереси.

Геополитиката е правец во сфаќањето на политичката географија, која се занимава со изучување на односите помеѓу географските фактори и политиката. Во поширока смисла таа ги проучува начинот на кој географската локација, природните ресурси, демографската структура и историските околности ја обликуваат надворешната политика на државите, како и нивната способност да маневрираат во меѓународните односи.

Еден од геополитичките пристапи е и оној како се третира животната средина. Во овој контекст исто така постои поделеност помеѓу реалистичко гледиште, според кое државите усвојуваат правила за управување на животната средина доколку истите ја зачувуваат и зголемуваат нивната моќ во однос на другите држави, и либерално гледиште, согласно кое и меѓународните организации може да влијаат во преговорите за правилата за управување на животната средина (O'Lear, 2018).

Природни ресурси со сите елементи и материјали од природата, се дел од животната средина и се користат за задоволување на потребите на човекот. Од аспект на одржлив развој и рационално користење на природните ресурси, соодветна е нивната поделба на потрошливи и непотрошливи, при што потрошливите се делат на обновливи и необновливи (Milanovic & Radojevic, 2014). Непотрошливите ресурси се расположливи постојано, независно од каква било човекова активност, и тука спаѓаат сончевата енергија, ветар, воздух, гравитација. Обновливи ресурси се оние ресурси кои природно се саморепродуцират, како растителниот и животинскиот свет. Необновливи пак се оние кои се природно дадени, дел од природата, кои после експлоатацијата не можат сами да се обновуваат, како метали, неметали, минерали, фосилни горива.

Денес човекот троши меѓу една третина и една половина од сето она што е создадено од природата. Расположливите природни ресурси се намалуваат, а траењето на некои се проценува на неколку децении. Несовесното трошење на природните ресурси и доминацијата над природата резултира со огромни еколошки последици.

## 2. Водата како геополитички ресурс и причина за конфликт

Правото на вода е едно од основните човекови права. Човековото право на вода за прв пат е споменато во Извештајот од Конференцијата на Обединетите нации за вода, одржана во 1977 година во Мар дел Плата (Antonović, 2022). На оваа конференција било истакнато дека сите луѓе, без разлика на нивната социоекономска положба имаат право на пристап до вода за пиење. Водните ресурси се од витално значење за целото човеково живеење, почнувајќи од потребите за елементарно преживување и земјоделство, па сè до најсложените видови на индустриско производство. Земјата има залихи од 1,4 милијарди км$^3$ вода, од која скоро 97% е солена вода. Вкупната слатководна резерва во светот се проценува на околу 35 милиони м$^3$, но повеќето од тие резерви се недостапни, бидејќи се наоѓаат во ледниците или во длабоките подземни слоеви (USGS Science for changing world, 2025).

Постојат неколку глобални проблеми поврзани со водата, а тоа се: дефицит на хидро-ресурси во сувите предели кои се резултат на испарувањето на водата, демографскиот пораст на населението што ја зголемува потребата за вода, нееднаквите водни ресурси на земјите, нееднаквоста во нивото на потрошувачка на вода, сложеност на хидролошките мрежи кои се поврзани со граничните линии, слабоста на институционалните и инфраструктурните капацитети кои го зголемуваат губитокот на вода (Kovačević, 2015). Сите овие недостатоци играат важна улога во контекст на безбедност на водата. Во светската литература постојат бројни автори кои се занимаваат со прашања за поврзаноста на водата, конфликтите и безбедноста.

Безбедноста на водата може да се дефинира како способност да се пристапи кон доволно количини чиста вода со која би се одржале соодветни стандарди за храна и производство на добра, санитација и здравје (Agarwal, et al., 2000).

Шведскиот хидролог Малин Фалкенмарк, во 1989 за првпат укажал на проблемот со недостиг на вода. Користејќи го индикаторот за воден стрес (the Falkenmark Water Stress Indicator), како еден од најчесто користените индикатори за воден стрес, ја опишал достапноста до вода во некоја земја. Индикаторот за воден стрес е дефиниран како дел од вкупниот годишен оптек достапен за употреба (Јовановић Поповић, 2017). Ако количината на обновлива вода во една држава е помалку од 1700 м$^3$ по жител, таа земја се соочува со воден стрес, под 1000 м$^3$ се соочува со недостаток на вода, а под 500 м3 по жител со апсолутен недостаток на вода. Водниот стрес не означува само физичко отсуство на вода и/или нејзин лош квалитет, туку вклучува и широк спектар на политички и социоекономски фактори, како што се способноста на државата да на своите граѓани им обезбеди пристап до здрава вода за пиење во соодветна количина (Јаковљевић & Ђурчић, 2016).

Со растот на бројот на жители, развој на индустријата, развојот на земјоделско производство, ширење и развој на урбаните средини, а следствено и климатските промени, дошло до нагло зголемување на потрошувачката на ресурсите на вода за пиење (Нешковић, 2022). Зачувувањето на квантитетот и квалитетот на водните ресурси се повеќе се нагласува со цел решавање на предвидениот недостаток на квалитетни водни ресурси во многу делови на светот (Ding & Ghosh, 2017).

Денес околу 700 милиони луѓе се соочуваат со недостиг на вода, а се предвидува дека оваа бројка понатаму и ќе се зголемува. Најпогодени со проблемот со недостаток на вода се земјите од Блискиот Исток, Источна и Централна Африка и Средна Азија.

Недостатокот на овој стратешки ресурс и нерационалното користење и заштита на водата доведува до сериозни политички последици. Водата добива се поголемо значење, затоа што државата тежнее да воспостави контрола над изворите на чиста вода. Како меѓународна заедница, освен намалувањето на количината расположлива вода, и се закaнува опасност од долгорочно загадување на преостанатите резервоари со чиста вода, поради острите урбани, климатски и социјални ограничувања, темата за

заштита на водата станува една од примарните на меѓународната политичка и еколошка агенда (Нешковић, 2022).

Недостатокот на водата и воспоставувањето контрола над изворите на чиста вода често води до конфликти помеѓу држави кои полагаат право на исти извори. Во текот на целата човекова историја водата се користела како инструмент или мета на одреден спор. Поврзаноста помеѓу ресурсите на вода и конфликтите може да се разгледа преку најмалку две димензии. Најпрво, во текот на еден конфликт, намерното таргетирање на водните резерви можат да доведат до недостаток на вода или до намалување на квалитетот на водата. На тој начин, водата претставува дел од воената стратегија. Во други случаи недостигот на вода може да биде причината за појава на самиот конфликт. Тоа најчесто е случај помеѓу држави низ кои поминува една иста река.

Дефицитот на природни ресурси од кои зависи задоволувањето на основните човекови потреби се одразува на безбедносната ситуација и може да биде причина за некаков вид на конфликт, почнувајќи од несогласување околу правото за користење на тој ресурс, па се до воен конфликт. Иако денес се најактуелни конфликтите кои се водат околу други ресурси, првенствено нафта, гас и стратешки значајни/ретки елементи и минерали, водата е препознаена како клучен ресурс за опстанок, кој нема замена и кој отсликува најголема човекова потреба, бидејќи жедта не трпи одлагање (Ćurčić, 2017).

Потенцијалот да настане конфликт поради недостиг на вода, го донесе проблемот со водата во полето на високи политики. Официјалните претставници на Обединетите нации и аналитичари од Светската банка редовно тврдат дека претходната војна беше за нафта, следната ќе биде за вода (Carius, G.D., & Wolf, 2004).

Управувањето со водите е доста сложено и исклучително политичко. Балансирањето на конкурентските интереси околу распределбата на водата и управувањето со недостатокот на вода бара силни институции. Веродостојна база на податоци, вклучувајќи метеоролошки, хидролошки и социоекономски, е фундаментална алатка за намерно и долгорочно управување во водните ресурси (Carius, Dabelko, & Wolf, 2004). Тоа сепак е проблем за државите во развој, кои имаат потреба од финансиска и техничка помош за да започнат со некој поголем воден проект.

Својата потреба за вода државите ја решаваат со земање на вода од реката која поминува или која извира низ нејзината територија. Тоа најчесто го прават со подигање на брани и создавање акумулациони езера, со кои обезбедуваат доволно количество вода за свои потреби, на сметка на државите кои се наоѓаат на долниот тек на реката. Овие постапки, кај државите на долниот тек предизвикуваат несогласување, поради намалениот доток на вода на нивната територија, па така неминовно се јавуваат тензии меѓу нив. Во овој контекст во определени региони од светот, постојат држави кои не можат да се усогласат околу поделбата и контролата на водните ресурси. Региони во кои посебно се изразени тензии околу стекнување на право на користење на водните ресурси се: Блискиот Исток – реките Јордан, Тигар и Еуфрат, и јужниот и југоисточниот регион на Азија – реката Меконг, Инд и Ганг. Овие два случаи се предмет на детална анализа во овој труд, кој има за цел да ја истакне геополитичката важноста на водата како ресурс.

### 2.1. Геополитичко значење на реките Јордан, Тигар и Еуфрат на Блискиот Исток

Блискиот Исток е означен како регион кој е посебно погоден со недостатокот со вода. Денес два најголеми меѓународни спорови за водни ресурси на Блискиот Исток се конфликтите околу водата на реките Тигар и Еуфрат и конфликтот околу водата на реката Јордан.

Реките Тигар и Еуфрат извираат од Југоисточна Турција, течат низ Сирија и Ирак и се спојуваат во реката Шат ал Араб во Ирак, која потоа истекува во Персискиот Залив. Проблемот околу поделбата на водата на реките Тигар и Еуфрат започнува во втората половина на минатиот век, кога Турција започнува со изградба на Анадолскиот проект на југоисточниот дел од земјата. Овој амбициозен проект вклучува мрежа од 22 брани,

19 хидроцентрали, огромни системи за наводнување и поврзани проекти за социјален и економски развој на горниот дел од Тигар и Еуфрат (Harris, 2002). На тој начин Турција може да го искористи потенцијалот од овие реки (28% од вкупниот потенцијал на Турција), при што додатно би наводнувала преку 1,5 милион хектар земја, со цел зголемување на земјоделското производство (Ostojić & Blagojević, 2011). Се проценува дека сето тоа би ја намалило (за 40%) водата од тие реки во Сирија, а во Ирак за повеќе од 80%.

Најголемата тензија во овој регион се случила во 1992, кога Турција поради пополнување на браната Ататурк, го прекинала дотокот на реката Еуфрат во времетраење од месец дена. Ирак и Сирија сметале дека изградбата на браната Турција ја користи за остварување на политички и стратешки цели. Иако имало остри реакции од Сирија и Ирак, Турција како економски и воено посилна држава, на барањето на ООН реагирала дури по 30 дена.

Јордан е река во Западна Азија, која поминува низ Израел, Јордан, Сирија и Палестина, а се слива во Мртво Море. Областа околу реката се карактеризира со мала количина на дождови (околу 600 мм годишно во просек), варијација во температурите, а поради просечно високите температури на водата, околу 56% од водата се враќа во атмосферата поради испарување, 24% се филтрира и ги дополнува подземните издани, а преостанатите 20% претставуваат површинска вода. Дополнително, минатиот век го карактеризира нагло зголемување на бројот на жители во овој регион, како и зголемена индустриско и земјоделско производство, па така достапната количина вода не е доволна да ги задоволи потребите на жителите на овие простори. Првата тензија се јавува во 1951 кога Јордан објавил план за пренасочување на дел од реката Јармук, по каналот Источен Гор, со што би се наводнувала Областа Источен Гор. Како одговор на тоа, Израел започнува изградба на Национален воден канал во 1953. Овој проект кој е завршен во 1964, со што Израел без согласност од други земји го проширува своето право на користење на водата од Галилејското Езеро, резултира со првиот позначаен конфликт во овој регион. Арапската лига во знак на незадоволство одлучила да го пренасочи токот на Јордан кон север, а Израел на тоа одговорил со низа вооружени напади. Окупирањето на Синај, Појасот Газа, Западните Брегови, Голанската Висорамнина и Источен Ерусалим, ја зголемило територијата на Израел, а со тоа и контролата над водата од реката Јордан. Сите тие акции придонеле да започне шестдневна војна во 1967. Израел како хидро-хегемон во регионот, подземните води ги прогласил за свој стратешки ресурс, при што ги ставил по директна воена контрола, па така израелските воени сили им забраниле на Арапите да бараат нови извори и да копаат бунари без посебни одобренија. (Ostojić & Blagojević, 2011)

### 2.2. Геополитичко значење на реките Инд, Ганг и Меконг во Азија

Проблеми околу ресурсите на водат во Азиско-Хималајскиот Регион, посебно се изразени од 60-тите години на минатиот век. Извирајќи од Тибетската Висорамнина, реката Инд тече низ Џаму и Кашмир во Индија и низ северните области на Пакистан, кон југ по целата должина на земјата, за конечно да се влее во Арапското Езеро во близина на градот Крачи. Споровите околу користење на водата од реката Инд, меѓу Индија и Пакистан започнуваат уште од 40-тите години на минатиот век, но во 1960 со договор е решено околу 80% од водата на Инд да добива Пакистан, а остатокот да го добива Индија.

Реката Ганг е една од најдолгите реки на Индискиот потконтинент. Извира во западниот дел од Хималаите, во индиската сојузна држава Утаранчал, тече низ северните делови на Индија, минува низ Бангладеш и се влива во Бенгалскиот Залив, каде заедно со реката Брамапутра создава делта во подрачјето Сундарбанс. Спорот околу водата од реката Ганг настанал во 1951 кога Индија одлучила да ја изгради браната Фарак со цел пренасочување на дел од водата на ректа Ганг на својата територија. На тоа се спротивставил Пакистан, бидејќи би имал сериозен проблем во источниот дел за време на сушниот период. Со стекнување на независност во 1971, овој

проблем се пренел на новосоздадената држава Бангладеш. Поради проблемот со водата од Ганд, Бангладеш поднел барање до Генералното собрание на ООН во 1976, а прашањето околу овој проблем повторно било поставено во 1993 на Самитот на Комонвелтот и во 1995 на заседание на Генералното собрание на ООН. Иако во меѓувреме биле потпишани повеќе договори меѓу двете држави, Индија како економски посилна држава продолжила да ги крши договорените правила.

Денес посебно актуелен е проблемот околу реката Меконг во Југоисточна Азија, која поминува низ шест држави: Тибет, Кина, Мјанмар, Лаос, Тајланд, Камбоџа и Виетнам. Растот на населението и недостатокот на електрична енергија, имале влијание Кина да размислува за започнување на проекти на реката, а тоа негативно би се изразило врз државите на долниот тек од Меконг: Виетнам, Камбоџа и Тајланд. Градењето на големи брани, особено во Кина и Лаос е главна причина за напнатост во овој регион. Кинеските брани предизвикуваат суша и проблеми со водниот екосистем, рибарството и животната средина, а особено погодени се државите на долниот тек од реката. Лаос, со амбиции слични на оние на Кина, сака да биде извор на енергија во Југоисточна Азија, преку продажба на електрична енергија на соседните земји (Yorth, 2014). Земјите од долниот тек на реката често изразуваат загриженост за недостаток на меѓународни договори или транспарентност во однос на управувањето со водите од реката. Иако постојат обиди за соработка преку Меконгската комисија (Mekong River Commision), сепак сите држави не се дел од неа, а спроведувањето на договорите понекогаш е проблематично.

### 3. Решавање на конфликтите со водата

Современиот свет е обележан со геополитиката на ресурсите, каде природните ресурси стануваат се поважен фактор за нестабилност помеѓу државите кои сакаат да воспостават своја доминација над ресурсите на нафта, вода или гас (Boban & Lončar, 2016). Водата станува се позначаен ресурс и причина за економски, политички и воени конфронтации, конфликти и војни. Иако правото на вода е основно човеково право, за многумина тоа право е ускратено и претставува простор за геополитички конфликт. Прашањето за пристап до залихи на вода станува прашање од национална безбедност за се повеќе држави.

Претставници на разни тела на ООН повеќе пати се обидувале да ги решат несогласувањата околу користење на ресурсите на вода за пиење. Во повеќето случаи биле потпишани договори и декларации околу распределба на водата. Врз основа на податоци од базата на TFDD (The transboundary freshwater dispute database) – Договори за решавање на прекуграничните води, Одделение за геоисторија при Државниот универзитет Орегон, во периодот од 1820-2007, потпишани се повеќе од 450 меѓународни договори за користење на водата (Program in water conflict managment and transformation, 2024). Низ историјата среќаваме повеќе билатерални и мултилатерални договори склучени помеѓу државите кои полагаат право врз заеднички водни ресурси. Еден од најпознатите и најуспешните примери е Договорот за водата на Инд, склучен на 19 септември 1960 помеѓу Индија и Пакистан, кој бил донесен по предлог на Светска банка.

Пристапот кон решавање на настанатите конфликти во секој од наведените случаи е различен. Во спорот околу користењето на водата на реките Тигар и Еуфрат, и трите страни на спорот тежнеат кон остварување на своите национални интереси. Додека Турција е зафатена со постигнување економска и енергетска безбедност, како и спротивставување на курдскиот сепаратизам, Сирија и Ирак стравуваат дека Турција ќе го намали протокот на вода и ќе ја искористи водата како средство за принуда. Како резултат на тоа, недостасуваат вистински иницијативи за решавање на проблемот, а ретките договори постигнати се само на билатерална основа: 1964 – помеѓу Турција и Ирак, 1987 и 2001 помеѓу Турција и Сирија, 1989 помеѓу Ирак и Сирија (Tadić, 2015). Во текот на 60-тите години од минатиот век одржани се првите трипартитни преговори, и тоа по голем надворешен притисок, а резултат од тие преговори било формирање на

Заеднички технички комитет, со цел размена на информации помеѓу државите. Во однос на правото на користење на водата од двете реки, државите поаѓаат од различни гледишта. Турција своето право го заснова на Хармоновата доктрина (Harmon Doctrine), според која секоја држава може да ја користи водата која тече низ нејзината територија на кој било начин, без разлика на последиците кои би ги имале другите држави низ кои тече водата. Од друга страна, Сирија и Ирак се базираат на доктрината на природен тек (Natural Flow Doctrine), која гарантира природен и непречен тек, што значи дека државата на горниот тек на реката, треба да се воздржи од преземање на мерки кои би влијаеле на текот на водата. Така и кај двете доктрини се инсистира на зачувување на сопствените интереси, со што се потврдува сфаќањето на реалистите за меѓународните односи, а сето тоа придонело за продлабочување на споровите и намалување на шансите за можно решение. Во овој спор, економски и воено доминантна е Турција, а има и најдобра географска положба, па така Турција зазема позиција на хидро-хегемон, кој има влијание за тоа како ќе биде редистрибуирана водата.

Челичниот закон на реалистите „силните го прават она што им го дозволува моќта, а слабите го прифаќаат она што мора да го прифатат" се потврдува и во спорот со водите на реките Инд и Ганг. Во периодот кога Бангладеш бил во состав на Пакистан, Индија била отворена за соработка, бидејќи и двете држави биле значајни регионални сили, кои поседувале нуклеарно оружје. По предлогот на Светска банка, во 1960 потпишале договор со кој Пакистан можел да ги користи трите западни притоки на реката Инд: Џелам, Инд и Ченаб, а Индија трите источни: Раби, Беас и Сутлеџ. Така и двете држави биле задоволни, а овој случај е и пример како може да се реши еден спор со посредување на трета страна. Меѓутоа со независноста на Бангладеш, се гледа хегемонијата на Индија во однос на послабиот сосед. Нерамномерната поделба на водата на Ганг има огромни економски и еколошки загуби за Бангладеш. Под силен притисок на Генералното собрание на ОН двете држави потпишуваат повеќе договори, но Индија настојува со агресивна примена на хегемонија да обезбеди примат и контрола во користење на водата.

И многу други држави кои се соочуваат со недостиг на вода, својата агресија ја правдале со неправилно разграничување на територијата при нивното издвојување од заедницата и загрозување на суверенитетот и безбедност на државата. Како типичен претставник се издвојува Израел и неговата војна со „Арапскиот свет". Од настанувањето на израелската држава во 1948, проблемот околу обезбедување на вода за пиење е еден од најважните проблеми во овој регион. Една од основните причини за спорот на територијата на Голанската Висорамнина е тежнеењето за контрола над питката вода на Галилејското Езеро и реката Јордан. На овој начин, ресурсите на вода за пиење претставуваат извор на тензии започнати уште од 1951, после кои следеле вооружени судири на Израел со Сирија и Јордан во 1967, 1969 и 1973 (Ostojić, Filipović, & Mitrović, 2017). По завршувањето на Израелските војни со Арапите, имало повеќе обиди да се постигне договор околу поделбата во водата во овој регион. Во текот на 1994, потпишан е договор со кој водата од реката Јордан се дели помеѓу Израел 54,8%, Јордан 35% и Палестина 8,2%. При потпишувањето на договорот Израел успеал да ги наметне своите интереси и да добие примат во користење на водните ресурси, иако поголеми количества на вода потекнуваат од териториите на своите соседи. Во сливот на реката Јордан, хидро хегемон е Израел. За разлика од Турција, Израел нема најповолна географска положба, но ја користи својата воена моќ за да ги наметне своите интереси, секогаш кога се загрозени нејзините права за вода.

Дека е можна меѓународна соработка, како што тврдат либералистите, најдобар пример е решавањето на спорот околу реката Меконг. Постојат стотици проекти за развој на брани, кои се проучуваат и работат во сите земји, особено во Кина, Лаос, Тајланд и Виетнам. Комисијата за реката Меконг (Mekong River Commission) е успешен пример за соработка, развој и управување со заедничките водни ресурси, што придонесува за заедничка корист на државите и благосостојба на луѓето. Иако Кина и Мјанмар не се дел од Комисијата, сепак од 1996 тие се постојани партнери. Прекуграничното управување со водите на реката Меконг и Договорот од 1995 се

сметаат за пресвртница во меѓународните договори за управување со водните ресурси, поради акцентот на заедничкиот развој, еколошката заштита и процес за распределба на водата. Всушност, Договорот од 1995, ги надминува минималните барања поставени од меѓународното право на водата, и Договорот е прв (и досега единствениот) пример за интегрирање на прецизна дефиниција за „разумна и правична употреба“, заснована на Хелсиншките правила од 1966[3] во меѓународен договор (Lauridsen, 2004).

Повеќето спорови околу поделбата и користењето на водните ресурси, се решени по мирен пат со поттикнување соработка преку потпишување на договори и примена на меѓународното право на водата. Во некои случаи пак, одредени држави со примена на хегемонија наметнувале услови, со кои си обезбедувале поповолна положба при користење и контрола на водите. Меѓутоа, искуствата укажуваат на тоа дека, доколку процесот на разрешување на конфликтот, подразбира еднострано наметнување на волјата на помоќниот противник врз послабиот, наметнатото решение не опстанува долго, туку конфликтот повторно ќе се појави во друг облик (Путник, 2016). Кај овие конфликти честопати се испреплетуваат политички, стратешки, економски, расни, класни, национални, верски, територијални и други интереси, па затоа при обидот да се најде решение кај овие конфликти, треба да се земат предвид и тие фактори.

## ЗАКЛУЧОК

Зголемената потрошувачка на водата, поради растот на човечката популација, се поголемиот индустриски развиток, кој ги зголемува изворите на загадување, а следствено на тоа и климатските промени, придонесуваат за намалување на количините на вода за пиење. По мислењето на повеќе експерти, водата е новото злато на 21 век, во време кога се зголемуваат кризите за вода и билиони долари се трошат за решавање на проблемите со недостиг на вода, посебно во државите од Блискиот Исток.

Недостатокот на вода станува глобален егзистенцијален и безбедносен проблем. Се предвидува дека голем број на држави ќе дојдат до границите на своите расположливи ресурси со вода. На овој начин неминовно ќе дојде до тензии, што ќе создадат нови потенцијални жаришта на конфликти во врска со водата. Разбирањето на нивната меѓусебна условеност е од суштинско значење за разбирање на природата на меѓудржавните конфликти кои се водат поради недостаток на водни ресурси. Државите кои делат иста река најчесто имаат спротивставени мислења за начинот на користење на водните ресурси. Така државите на долниот тек на реката бараат од нивните соседи да обезбедат слободен и непречен проток на реката, додека оние на горниот тек водата ја сметаат за свој природен ресурс, со кој може неограничено да управуваат. Според тоа, прашањето за националната политика на водните ресурси, по правило се става како прашање на државен суверенитет. Државите на долниот тек ги трпат последиците, бидејќи доколку распределбата на водните ресурси не се регулирани со билатерални или мултилатерални договори, или доколку државата на долниот тек на е војно надмоќна, па може со закана со сила да влијае на државата на горниот тек, да не го попречува речниот тек. Проблемите околу недостатокот на вода ќе се интензивираат доколку не се преземат ефикасни и усогласени мерки. За да се намали можноста од избивање на конфликти и зачувувањето на регионалниот и меѓународниот мир, мора да се обезбеди одржливо и рационално користење на водните ресурси.

Водата не е само природен ресурс, туку и клучен фактор во геополитиката, кој влијае врз економската стабилност, безбедноста на нациите и односите помеѓу државите. Таа широко придонесува во клучни сектори како што се: земјоделство, здравство, индустрија итн., што ја прави ресурс неизбежно важен за социоекономската благосостојба, безбедноста и развојот на нацијата. Релативната големина на

[3] Види повеќе на https://www.internationalwaterlaw.org/documents/intldocs/ILA/Helsinki_Rules-original_with_comments.pdf

материјалните ресурси, во кои спаѓа и ресурсот вода, влијае и на способноста на државата да влијае врз специфични одлуки и резултати во меѓународните односи.

Решавањето на проблемот со недостатокот на вода е глобален предизвик кој бара интегриран и мултидимензионален пристап. Активности за превенција на потенцијални конфликти подразбираат разграничување на предметот и проблемот на конфликтот, согледување на интересите на спротивставените страни, како и разбирање на бројните и меѓусебно поврзани политички, економски, воени, демографски и други фактори. Само со координирани напори, иновации и континуирана посветеност може да се реши проблемот со недостатокот на вода и да се обезбеди одржливо и праведно водоснабдување за идните генерации и долгорочна стабилност и мир во регионите кои зависат од заедничките водни ресурси.

## Библиографија

Agarwal, A. d., M.S., B. R., Cheret, I., Davila-Poblete, S., Falkenmark, M., & Wright, A. (2000). Integrated water resources managment. Stocholm: Global water partnership, 1-67.

Antonović, R. (2022). OSKUDNOST PIJAĆE VODE KAO AKTUELNI PROBLEM DANAŠNJICE. ŠESTA NAUČNO-STRUČNA KONFERENCIJA SA MEĐUNARODNIM UČEŠĆEM:ODRŽIVI RAZVOJ I ZAŠTITA VODA (PRAVO, EKONOMIJA I MENADŽMENT), 51-66.

Boban, D., & Lončar, K. (2016). Geopolitičke posljedice rješavanja pravnog statusa Kaspijskog jezera: sigurnosni i energetski aspekti. Hrvatski geografski glasnik, 78(2), 77-100.

Carius, A., Dabelko, D. G., & Wolf, T. A. (2004). Water, conflict and cooperation. Environmental Change and Security Project Report, 10, 60-66.

Carius, A., G.D., & Wolf, A. T. (2004). Water, conflict and cooperation. Environmental Change and Security Project Report, 60-66.

Ćurčić, M. T. (2017). Konflikti oko vodnih resursa na Bliskom Istoku. Vojno delo, 178-188.

Ding, G., & Ghosh, S. (2017). Sustainable water managment - A strategy for maintaining future water resources. Encyclopedia of sustainable technologies, 91-103.

Harris, L. M. (2002). Water and conflict geographies of the Southeastern Anatolia Project. Society&Natural Resources 15.8, 743-759.

Howe, L. (2010). Hydropolitics of the Nile river: conflict, policy and the future. The US Mission in Afghanistan: Counterinsurgency and Provincial Reconstruction Teams, 30, 30-43.

Idrizi, B. (2018). Geopolitics and International relations. Justica - International Journal of legal Science, 25-29.

Kaplan, R. D. (2009). The revenge of geography. Foreign Policy.

Kovačević, B. (2022). Neoliberalna geopolitika ratova za resurse i revizija istorije. 631-654.

Kovačević, I. (2015). Geopolitika vode i bezbjednosne prijetnje. Zbornik radova: Rizici i bezbjednosne prijetnje, 129-138.

Lauridsen, P. E. (2004). Transboundary water managment in the Mekong: River of controversy or river of promise. From water "wars" to water "riots". Diis Working paper, 47-79.

Milanovic, J., & Radojevic, U. (2014). Primenjena ekologija - Vodič Konzervaciona biologija i Ekološko modelovanje Futura. Beograd: Green Limes, Fakultet za primenjenu ekologiju.

O'Lear, S. (2018). Environmental Geopolitics. Rowman&Littlefield.

Ostojić, G., & Blagojević, M. (2011). Primena hegemonije u rešavanju međunarodnih sporova oko resursa pijaće vode. Medunarodni Problemi 63(3), 359-391.

Ostojić, G., Filipović, M., & Mitrović, D. (2017). Control of drinking water resources as the cause of regional conflicts. Vojno delo, 69(5), 29-56.

Program in water conflict managment and transformation. (2024, December 24). Retrieved March 8, 2025, from Transboundary waters: https://transboundarywaters.ceoas.oregonstate.edu/data

Tadić, M. (2015). Oskudica vode i međudržavni sukobi u basenu Eufrata i Tigra: Pola veka sukobljavanja. Међународна политика, 73-85.

USGS Science for changing world. (2025, March 10). Retrieved from https://www.usgs.gov/mission-areas/water-resources

Yorth, B. (2014). International Mekong River basin: events, conflicts or cooperation, and policy implications. Oregon State University.

Виотти, П. Р., & Кауппи, М. В. (2009). Меѓународни односи и светска политика. Безбедност, економија, идентитет. Скопје: Академски печат.

Јаковљевић, В., & Ђурчић, М. (2016). Водни ресурси као извор конфликта. Годишњак Факултета безбедности, 29-50.

Јовановић Поповић, Д. (2017). Осврт на безбедност воде у XXI веку. Глобус, 37-38.

Малески, Д. (2000). Меѓународна политика. Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј.

Нешковић, С. (2022). Геополитички и безбедносни значај воде као осенцијалног ресурса 21. века. Европско законодавство, 209-218.

Никодиновска Крстевска, А. (2012). Европската Унија во меѓународните односи: помеѓу теориите за меѓународни односи и европската интеграција. Годишен зборник Правен факултет, 125-135.

Путник, Н. (2016). Оскудица водних ресурса као детерминанта међудржавних сукоба. Годишњак факултета безбедности, 63-78.